**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 25 - та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 26.08.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (породилно отсуство).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека Записникот од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.07.2015 година се одложи, бидејќи во однос на текстот имаше забелешки од г-дин Трајчев, г-дин Фетаи и г-дин Фиданоски. Информира дека забелешките се внесени и на седницата е предложена нова верзија на документот.

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.07.2015 година.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.07.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Бр. 02-5091/8**
**02.09.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**